# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце Издавач: Општина Ранковце излегува по потреба | Година XXVI број 2 3 Март 2025 година Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година**

1.Се прогласува Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/1**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот на буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21), Советот на Општина Ранковце на 50 седница одржана на ден 27.02.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РАНКОВЦЕ**
За **2025** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаРАНКОВЦЕ за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 742113 | Приходи од светската банка | 0 | 0 | 562.828 | 0 |
| | | **0** | **0** | **562.828** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 19.400 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 12.728 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 49.500 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 67.200 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 24.000 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 360.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **562.828** | **0** |

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ранковце и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година

Бр. 09-248/4

Претседател на Советот на Општината
**Александра Стамболиска Јовановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година**

1.Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/2**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.С.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11 , 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите(„Службен весник на РМ’’ бр.64/05 ;04/08; 103/08; 156/09; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16 и („Службен весник на РСМ’’ бр.151/21, член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници(„Службен весник на РМ’’ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/616; 80/16; 127/16; 142/16;2/17; 16/17 и 11/18 и („Службен весник на РСМ’’ бр.275/19; 14/20; 215/21 и 99/22), врз основа на член 7 од Законот за изменување на законот за палта и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија(„Службен весник на РСМ“ бр.51/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната уорава, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавни обвинителстава, казнено – поправните и воспитно – поправните установи устнови, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од собранието на РСМ („Службен весник на РСМ’’ бр.51/24 и 272/24), Колективен договор на Општина Ранковце бр.04-1420/1 од 29.12.2022 година член 23 ,став1 ,точка 4 од Статутот на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце„ бр 09/05 ,4/10 ,3/11, 11/15,4/19 и 5/22 ), Советот на Општина Ранковце на 50-тата седницата одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година бр.09-1409/7 од 24.12.2024 година („Службен гласник на Општина Ранковце’’ бр.15/2024 година), членот 9 став 1 точка 1 се менува и гласи:

„Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според бројот на жители и за Општина Ранковце изнесува 2,08 а основица за пресметување е просечната исплатена месечна плата по вработен во Република Северна Македонија за претходнта година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика’’.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ранковце’’, а ќе се применува од 01.02.2025 година.

**Бр. 09-248/5**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска – Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година**

1.Се прогласува Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/3**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), член 42 и член 43 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 150/15, 37/16) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 50-та седница одржана на ден 27.02.2025 година донесе

# ПРОГРАМА
## за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година

**Вовед**

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања, појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје, како и можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори.

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти.

Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се обезбеди заштита на населението од штетните влијанија на овие биолошки врсти. Болестите при кои причинителот на заболувањето се пренесува од еден на друг домаќин преку живи преносители (вектори) се нарекуваат трансмисиони заразни болести. Векторите кои ги пренесуваат овие заболувања припаѓаат на артропоидите односно инсектите и крлежите.

Трансмисиони заразни болести се: Зика вирусна инфекција, Конго-кримска хеморагична треска, Вирус од Западен Нил, Хеморагична треска, Чукунгунија, Лајмска борелиоза, Лајшманиоза, Маларија, Денга и Рикеција коноири.

Поради тоа потребно е превентивно да се превземаат соодветни мерки за нивно спречување, уништување на векторите и едукација на населението за соодветна лична заштита. Една од општите мерки за превенција и контрола на заразните болести се дезинсекција и дератизација.

Со оваа Програма се утврдуваат епидемиолошките карактеристики на трансмисионите заболувања, начинот на организирањето на дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце во 2025 година, периодот на вршење на активностите и финансирањето на истите.

### 1. Климатско-метеоролошки карактеристики на Општина Ранковце

Територијата на Општина Ранковце се наоѓа во североисточниот дел на РСМ, го зафаќа просторот на Славишко Поле, кое му припаѓа на сливното подрачје на Крива Река. Општина Ранковце претставува природна, географска и економска целина на 18 населени места и зафаќа површина од 242,55 km. Општинскиот центар е лоциран во селото Ранковце и спаѓа во групата на мали општини. На територијата на Општина Ранковце постојат повеќе постојани или повремени водени површини: реки, потоци, канали (вади), вештачки езера и

други слични површини, како и диви депонии кои претставуваат идеални места за размножување и опстанок на глодарите и инсектите.

## 2. Мерки

Појавата и потенцијалната опасност или закана од појава на заболувања пренесени преку комарци и други вектори, наметнува итна примена на општи мерки за раното откривање, спречување и сузбивање на заразните болести.

### I. Дезинсекција

Дезинсекцијата има за цел редукција на инсектите и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мера ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава околина.
Превентивната дезинсекција се изведува на два начини:

- **Ларвицидна дезинсекција** -Уништување на комарецот во фаза на ларва и се врши на стоечка водена средина, бари, канали и други места во кој водата останува повеќе од 5 дена.
- **Адултицидна дезинсекција** -Уништување на возрасните единки на комарецот која се изведува преку прскање, оросување, замаглување, авионска и терестичка дезинсекција, итн.

Комбинацијата од лаврцидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение и истите треба континуирано да се изведуваат од рана пролет до касна есен на стручен и организиран начин.

### II. Дератизацијата

Дератизацијата претставува збир на мерки и постапки кои се применуваат во борба против глодарите.

- **Задолжителната и системската дератизација** се спроведува со цел:
- Отстранување на ризикот од појава и ширење на заразни болести кои ги пренесуваат глодарите;
- Отстранување на економските штети кои настануваат како последица на уништувањето и загадувањето на храната од страна на глодарите;
- Спречување на контаминација на објектите.

## 3. Планирани активности

Општина Ранковце во соработка со Центарот за јавно здравје од Куманово/ПЕ-КР. Паланка ќе превземе соодветни мерки за спречување на заразните заболувања:

- Подигнување на свеста на населението преку медиумите;
- Теренска проценка на околината во тек на цела година;
- Мапирање на сите стоечки води, бари, мочуришта на територијата на Општина Ранковце;
- Употреба на заштитни мрежи на вратите и прозорците во домовите;

- Примена на заштитни средства (репеленти) во облик на лосион, аеросол спреј или крем за кожата, примена на облека која ги одбива комарците;
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите;
- Редовно чистење на олуците за да се овозможи истекување на водата;
- Отстранување на застојаните води (бари) по дворовите, во буриња, канти, пластични шишиња и чаши, автомобилски гуми и сите други предмети каде што се задржува вода која претставува средина за множење на комарци;
- Да се одбегнува излегување и престој надвор во зори или во самрак кога комарците се најактивни.

Исто така на територијата на Општина Ранковце може да се спроведе аеросолната дезинсекција и тоа по пат на авиодезинсекција и терестична дезинсекциј а.
Со авиодезинсекцијата треба да бидат третирани вкупно 480 ha (особено по течението на Крива река и притоките; вировите на територија на село Ранковце, село Љубинци, село Гиновци и акумулацијата – вештачко езеро „Отошница“) во 3 (три) наврати, и тоа во месец јуни, јули и август против возрасни комарци.
Со терестична дезинсекција ќе бидат третирани вкупно 40 ha во 2 (два) наврата јуни и август против возрасни комарци и 45 ha против ларви во 1 (еден) наврат (во првиот момент од годината кога ќе се создадат услови за тоа).
Аеросолната дезинсекција ќе се изведува во раните утрински часови, во денови на викендите, заради намалено движење на граѓаните, и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и слично. Конкретните датуми ќе се утврдуваат во зависност од метеоролошките состојби. При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот нареден поволен термин. Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено ќе бидат информирани преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведувањето на аеросолната дезинсекција.
Превентивната дератизација на територијата на Општина Ранковце ќе ја спроведе Јавното комунално претпријатие „ Чист ден “, Ранковце, и тоа во 2 (два) наврата.

Активностите ќе се спроведуваат на следниве локации:
- Рибник „Гогомонд“
- Влез во село Ранковце
- Вирови во село Љубинци
- Езерца во село Гиновци и рибник Парк Гиновци
- Одредени подрачја на село Петралица
- Одредени подрачја на село Псача
- Опила-трски
- Гиновци-спортски центар покрај река.

## 4. Очекувани резултати

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:
- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;
- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Ранковце и заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите;

**5. Финансирање**

Финансирањето на оваа Програма се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година и од Буџетот на ЈКП „Чист ден“- Ранковце за 2025 година.

**6. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ранковце”.

**Бр. 09-248/6**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година**

1.Се прогласува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/4**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24), Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснованјето на право на стварна службеност објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр.163/16, 190/17 и 201/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/21 и 99/22), како и член 23 од Статут на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 27.02.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ ЗА 2025 ГОДИНА

## А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е управување со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија кое се наоѓа на територијата на Општина Ранковце дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2025 година.

За да може да се врши отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е категоријата на урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во Програмата се предвидува предмет на управување со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: П’клиште и Герман.

Градежни парцели кои ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање:

| Градежни парцели кои ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба, угостителство, спорт и рекреација-БЛОК 1, КО П’клиште | | | | | | | | | | | | | |
| Ред. Бр. | Бр. на Г.П | Вку. површин а | Намена на земјиште (основна класа) | Намена на земјиште (опис) | Број на к.п. во состав на градежна парцела | Површи на за градба | Бруто развиена површина во $м^2$ | Процент на изграде ност | Коеф. на искори с. на земјиш те | Max. доз висина | катн ост | Почет на/ утврде на цена по $м^2$ | Вкупна почетна /утврдена цена |
| 1 | 37 | 507,9 | А4 | Времено сместувањ е | дел од КП бр.193 | 142.0 $м^2$ | 284.0 $м^2$ | / | / | 7.2 м | П+1 | 61 | 30981,90 |
| 2 | 38 | 527 | А4 | Времено сместувањ е | дел од КП бр.193 | 150.0 $м^2$ | 300.0 $м^2$ | / | / | 7.2 м | П+1 | 61 | 32147,00 |
| Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба, угостителство, спорт и рекреација-БЛОК 2, КО П’клиште | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 59 | 772.0 | А4 | Времено сместувањ е | дел од КП бр.685 | 205,3 м$^2$ | 615,9 м$^2$ | 0,80 | 26,60 | 8,5 м | П+1 +Пт | 61 | 47092,00 |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.9- подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | 1.1 | 295.0 | Е1.9 | Телекомун икациска антена | КП бр.6168/3 | 81.0 м$^2$ | 81.0 м$^2$ | 27,50 % | 0,275 | 12 м | / | 130 | 38350,00 |

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр. 09-248/7**
**27.02.2025 год**
**Ранковце**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за четврт квартал, за 2024 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за четврт квартал, за 2024 година, донесен на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за четврт квартал, за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/5**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 50-та седница одржана на ден 27. 02. 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за четврт квартал, за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВААТ Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за четврт квартал, за 2024 година.

2.Составен дел на овој Заклучок се Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за четврт квартал, за 2024 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-248/-8**
**27.02.2025 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2024 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2024 година, донесен на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/6**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 50-та седницата одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување  на  Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2024 година**

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-248/9** | **Совет на Општина Ранковце**
**27.02.2025 год.** | **Претседател**
**Ранковце** | **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце, донесен на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/7** **Општина Ранковце**
**27.02.2025 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 50-та седницата одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце**

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-248/10** **Совет на Општина Ранковце**
**27.02.2025 год.** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спортските и културните манифестации за 2024 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спортските и културните манифестации за 2024 година, донесен на 50-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спортските и културните манифестации за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-290/8**
**27.02.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 50-та седницата одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спортските и културните манифестации за 2024 година

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спортските и културните манифестации за 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-248/11**
**27.02.2025 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
